**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
бр. 31-5186/11 15 октомври 2019 година

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**г-дин Талат Џафери**

# И З В Е Ш Т А Ј

## од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции на тема"Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа - младинските политики и соработка"

Националниот совет за евроинтеграции на 30 септември 2019 година организираше јавна расправа на тема "Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа- младинските политики и соработка".

На јавната расправа учествуваа млади мотиватори од 16 земји од регионот и од Европската Унија. На јавната расправа беа поканети Комисијата за европски прашања, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, Комисијата за надворешна политика, Комисијата за образование, наука и спорт, координаторите на пратеничките групи во Собранието, претставници од државни институции и граѓански организации. На јавната расправа беа поканети претставници од Делегацијата на Европската Унија, амбасадите на земјите-членки на ЕУ во државата и амбасадите на земјите од процесот на проширување.

Во поздравното обраќање ***претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски*** информираше дека јавната расправа се одржува на иницијатива на Младинскиот сојуз како завршна активност на 17-та Меѓународната Младинска конференција одржана во Крушево од 26-29 септември 2019 година. Во обраќањето г. Попоски кратко се осврна на обновената Стратегијата за млади на Европската унија за периодот 2019-2027 година, фокусирана на три области на дејствување: вклучувањето односно поттикнување и учество на младите во граѓанскиот и демократскиот живот, поврзувањето на младите луѓе низ ЕУ и пошироко за да се поттикне доброволно ангажирање, мобилност на учењето, солидарност и интеркултурно разбирање, како и зајакнување односно поддршка на зајакнувањето на младите преку квалитет, иновација и признавање на младинската работа. Стратегијата на ЕУ за млади утврдува рамка која треба да го искористи потенцијалот на младинските политики, преку учество на младите во демократскиот живот, социјалниот и граѓанскиот ангажман со цел да се обезбеди достапност на потребните ресурси до младите за нивно учество во општеството. Попоски информираше дека Советот за образование, млади, култура и спорт на ЕУ на 22.05.2019 год. има донесено заклучоци во однос на несигурноста, недостатокот на социјална заштита и работни услови и идентификувани мерки за решавање на состојбите кај младите.

Во поздравното обраќање ***претседателот на Младинскиот сојуз од Крушево г. Методија Стојчески***, истакна дека активниот граѓански сектор има акумулирано знаење, информации и вештини со кои можат на институциите и доносителите на одлуки да им помогнат во креирање на одржливи политики за разни целни групи. Меѓународна младинска

конференција годинава се одржувала по 17-ти пат со учество на 55 млади лидери од релевантни граѓански организации. Идејата за конференцијата била да се креира средина за дебата за младинските прашања и секојдневните проблеми на младата популација низ призма на европските вредности, бидејќи идејата за европско обединување ги обединува сите нации од регионот. Во фокусот на дебатата на конференцијата биле европските вредности и како тие да се доближат до младите на Балканот.

На јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции беа презентирани препораки на 4 одделни теми: "Да заминам или не?", Работа од иднината", "Денешната младина" и "Климатски промени", од страна на четири млади модератори учесници на Меѓународната Младинска конференција.

За темата ***"Да заминам или не?"*** презентираше младата активистка **г-ѓа Милица Дедиќ од Црна Гора**, според која можноста препораките да се презентираат во Собранието е многу важна за младите и младинските политики. Препораките од Меѓународната младинска конференција се креирани од млади луѓе и проблемите со кои се соочуваат, недостатокот на можности, институции за професионална обука и свест кај младите луѓе. Образованите млади луѓе се невработени и не можат да учествуваат во развојот на сопствените земји затоа што немаат квалитетно образование, политики и наставни планови. Постојат универзитети, но нема професионална обука, постојат училишта со различни образовни системи, и она што е најважно нема соодветни политики како да се решаваат младинските прашања. Заради тоа се отвара прашањето дали младите треба да останат или дали да ја напуштат својата земја. Дефинирани се три проблеми кај младите: 1.корупцијата се повеќе се перцепира како природна и неизбежна појава во регионот, се зголемува недовербата во државните институции и нивната моќ за донесување на соодветни одлуки и политики од јавен интерес; 2.регионална нетолеранција и говор на омраза во земјите од ЈИЕ го забавуваат процесот на помирување поради еднострано прикажување на настаните; 3.недоволно вклучување на релевантни чинители во процесот на креирање на буџет за здравствениот систем, недостиг на докази и инпут од релевантни граѓански организации и активисти во областа на здравството. *Клучни препораки се*: кампања за подигнување на свеста за важноста на владеењето на правото и демократските вредности во ЈИЕ; воспоставување независен медиумски сојуз во ЈИЕ предводен од одбор од сите релевантни медиумски чинители од засегнатите држави и етички кодекс за новинарите од регионот; започнување инклузивен процес за донесување на здравствени политики базирани на докази и поттик на парламентите да ги искористат регионалните интерпарламентарни мрежи, вклучувајќи ги засегнатите страни од сите нивоа, со цел спроведување на препораките на СЗО и на др. релевантни меѓувладини организации.

За темата ***"Работа од иднината"*** презентираше младиот активист **г.Флорентс Тсеали од Грција** кој информираше дека се дефинирани три проблеми: 1.пазарот на трудот заостанува зад дигиталните технологии, постои неурамнтежност меѓу вештините на тековната работна сила и потребите на пазарот на трудот; 2. несоодветни можности за неформално образование и практично учење во рамките на формалното високо образование, поврзано со потребите на студентите; 3.недоволни информации за искуствата од младинските размени на локално и централно ниво. *Клучните препораки се*: редовни консултации на засегнатите чинители што водат кон нови дигитални политики на трудот; воспоставување јавен инструмент за натамошен развој на неформалното образование следено од независни, студентски советодавни одбори; создавање онлајн платформа за поврзување и поттикнување на комуникацијата меѓу локалните, нациналните и регионалните институции вклучувајќи ги сите релевантни актери на младинските програми за мобилност.

За темата **„Денешната младина"** презентираше младиот активист ***г.Нино Преложњак* од Хрватска.** Дефинирани се 3 проблеми: постојните студии не ги задоволуваат потребите и различностите на младите луѓе; постои недостиг на младинско учество во регионот на ЈИЕ во однос на инклузија и еднаквост; недоволна видливост на солидарниот активизам на ниво на владите и граѓанското општество во ЈИЕ. *Клучни препораки се*: промоција на истражувањето за конкретни потреби и проблеми на младите спроведено во партнерство со репрезентативни засегнати страни; формирање национално тело (министерства, граѓански организации) за следење и редовно известување за спроведувањето на постојните стратегии за млади и акциски планови во кои младинската работа се препознава како професија; организација на годишен самит "Награди за солидарен активизам" во земјите од ЈИЕ со цел креирање тело за подигнување на свеста, воспоставување соработка меѓу државите и координирање на активностите.

За темата ***"Климатски промени"*** презентираше младата активистка **г-ѓа Виолета Меото од Италија.** Дефинирани се следните проблеми: 1. нема јасни политики поставени од владите во однос на критериумите за циркуларна економија; 2. недостаток на свесност за практична акција за климатските промени, немање практики за рециклирање на ниво на домаќинство; недостаток на акција и мониторинг за справување со загадувањето на воздухот. *Клучни препораки се*: владите во ЈИЕ да воспостават построги правила за јавни набавки, стимулирање на деловни практики кои ќе овозможат премин кон циркуларна економија; вклучување на образовни предмети за рециклирање и одржливост во наставната програма за основно образование; изготвување на иновативни образовни материјали; имплементирање на построги регулативи со кои ќе се поттикне индустријата да се придржува кон стандардите за емисии и воспоставување на независно тело за проценка на имплементацијата на стратегиите и следење на усогласеноста на стандардите. На крајот од презентацијата г-ѓа Меото изрази благодарност до Националниот совет за евроинтеграции за можноста во Собранието да се презентираат препораките од Меѓународната Младинска Конференција. Меото упати порака до политичарите да се поврзат со младите луѓе во нивните изборни единици, бидејќи младите сакаат да се вклучат во дијалот и да бидат слушнати.

На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г.Никола Попоски претседател на Советот, г-ѓа Ивана Туфегџиќ потпретседател на Советот, г-ѓа Нола Исмајлоска Старова пратеник, г-ѓа Елена Кочоска од "Полио Плус", г-ѓа Милева Ѓуровска од Европско движење во Република Македонија и г.Иван Комушанац од Win Europe од Хрватска учесник на Меѓународната младинска конференција.

***Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г.Никола Попоски*** се заблагодари на младите активисти кои ги презентираа препораките и изнесе дека сите ученици на конференцијата заслужуваат пофалби за усогласување на препораките и особено што размислуваат за иднината на регионот интегриран во ЕУ. Според Попоски, иселувањето на младите е непотребно многу исполитизирана и често користена тема. Трендот е линеарен се случува во сите земји и е директно поврзан со целокупното опкружување. Младите треба повеќе да патуваат, да излезат надвор од државата, да имаат можности да се стекнат со подобро образование, да создадат врски со луѓе кои живеат во ЕУ и искуството да го пренесат дома. За младите, најдоброто нешто што се случило во текот на европската интеграција е проектот Еразмус плус, можноста да поминат одреден период од образованието во друга држава и да се вратат дома и да ги пренесат искуствата. Според Попоски, денес во Македонија најдинамични елементи се луѓето кои престојувале во странство и ги пренеле своите искуства во државата. Младите треба да го следат својот пат, да ја искористат секоја можност за квалитетно образование како и за работно искуство во земјите од Западна Европа. Сите земји, вклучително и земјите-членки на ЕУ сакаат да видат

кај нив што е можно повеќе конкурентни млади. Колку побрзо направиме промени во навиките, менталитетот, особено во однос на животната средина, зависи какво ќе биде нашето опкружување и дали квалитетни луѓе ќе останат во државата.

***Потпретседателот на Советот, г-ѓа Ивана Туфегџиќ*** ги оцени препораките од конференцијата како одлични и изрази очекување дека претставниците од дипломатскиот кор ќе ги запознаат своите влади со препораките. Особено важно е младите да добијат шанса да бидат вклучени во креирањето на политиките. Се искажа благодарност до Младинскиот сојуз од Крушево за подготовката на Меѓународната младинска конференција и селекцијата на актуелните теми за истата.Во дискусијата г-ѓа Туфегџиќ ги охрабри граѓанските организации да продолжат да креираат препораки и да отвораат дебата за актуелни теми. Без разлика на партиската припадност, потенцираше г-ѓа Туфегџиќ, во Собранието може и мора да се наоѓа простор за младите и нивната улога во општеството, при што се упати повик до Владата, препораките да се имплементираат. Институциите треба да работат на градење на довребата со младите луѓе токму во делот на почитување на нивните барања и препораки. Многу е важно сите институции и граѓанскиото општество да останат поветени на градење на партнерство и посветеност на имплементацијата на законите.

Во дискусијата ***г-ѓа Нола Исмајлоска Старова пратеник,*** изрази задоволство од препораките и можноста Националниот совет за евроинтеграции и Клубот за младински политики, во иднина да креираат конкретни идеи за реализација на препораките. Одговорност на политичарите е да се насочат на конкретни теми и да соработуваат со цел да создадат интерес кај младите, наместо да им биде предизвик останувањето надвор, стекнатото знаење да го применат во сопствената држава. Потребно е многу повеќе да се вложи во неформалното образование, при што беше поздравено вклучувањето на Националната агенција за европски образовни програми, во финансирање на активности на младите луѓе.

Во дискусијата ***претставникот од Полио Плус-здружение против хендикеп г-ѓа Елена Кочоска*** се осврна на степенот на вклученост на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со хендикеп, во донесените препораки од 17-та Меѓународна младинска конференција. Изрази незадоволство од степенот на инклузивност и дискриминацијата на младите со попреченост во општеството, преку јавната свест, образовните политики и вработувањето. Г-ѓа Кочоска ја нагласи потребата од активно вклучување на младите со попреченост преку подигање на јавната свест со разбивање на стереотипите, како во Македонија, така и во регионот. Во однос на работата, вработувањето и поттикнувањето на младите со попреченост, ја посочи потребата од промена на нашата свест и матрица на размислување. Потребно е соодветно образование, инклузивно и пристапно за сите во општеството, преку вредностите на еднаквоста и недискриминација. Побара да бидат изработени дополнителни препораки во кои ќе се назначи важноста за еднаквоста и недискриминацијата сѐ со цел активното вклучување на младите со попреченост, без притоа да се зема во предвид медицинскиот пристап. Дополнително посочи, дека е неопходно да бидат покренати мерки за подигнување и промена на јавната свест, како и мерки кои ќе водат кон покренување на акции за отстранување на постоечките норми, стандарди, законски решенија кои прават и водат кон дискриминација на лицата со попреченост.

***Претседателот на Европско движење на Македонија г-ѓа Милева Ѓуровска*** во дискусијата истакна дека младите треба да ја креираат иднината и општеството според своите желби и потреби. Како една од можностите се истакна и потребата од активна вклученост на младите во креирање на политиките во аграрот, сѐ со цел вработување и подобри социјални политики. Во четирите поглавја во кои дејствува граѓанскиот сектор преку платформата на Националната конвенција за ЕУ, неопходно и многу итно треба да се

размислува за вклучување на младите луѓе. Младинските политики и вклучувањето на младите во сите значајни сегменти на општеството треба да биде една од задачите во натамашниот развоен период

***Младиот активист г.Иван Комушанац од Хрватска***, ***претставник од Win Europe,*** во дискусијата се осврна на вработувањето на младите во енергетскиот сектор, нивните очекувања да работат во областа на соларни панели, ветерници и ефикасно греење. Тој информираше дека моментално 376 илјади луѓе во Европа работат во секторот за ветерници затоа што во Европа се користи енергија добиена од обновливи извори на енергија. Во однос на Македонија, забележани се добри придвижувања кон обновливата енергија, тендери за соларни панели, пример кој треба да се следи и кај другите држави во регионот. Во дискусијата беше нагласена потребата од поедноставување на законската рамка и поголемо инвестирање во обновливите енергии.

***Потпретседател на Советот г-ѓа Ивана Туфегџиќ*** даде појаснување дека инклузијата и еднаквоста се веќе застапени во препораките од Младинската конференција, во однос на младинското учество и признавањето на младинската работа. Истовремено изнесе дека постои расположеност, Националниот совет за евроинтеграции да организира посебна јавна расправа за инклузијата за лицата со попреченост и размена на искуства од Европската унија.

***Претседателот на Советот г.Никола Попоски,*** се заблагодари за учеството на јавната расправа, на сите присутни и искажа посебна благодарност на младите ученици од Младинската конференција. Попоски информираше дека извештајот од јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции заедно со препораките од 17-та Младинска Конференција ќе бидат проследени до сите заинтересирани страни во државата и амбасадите на земјите-членки на ЕУ во државата.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Никола Попоски**

Доставено и до:
- Национален совет за евроинтеграции;
- Влада на РСМ;
- Секретаријат за европски прашања;
- Министерство за образование, наука и спорт,
- Агенција за млади и спорт.